Ветеринарен факултет-Битола
Примен: 16 06 2021
орг.един. број прилог вредност
08 178 1

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ 50603 – БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ И 50624 - ДРУГО НА ВЕТЕРИНАРЕН ФАКУЛТЕТ - УНИВЕРЗИТЕТ СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ - БИТОЛА

Врз основа на Конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на Ветеринарниот факултет во Битола објавен во дневните весници "Нова Македонија" и “Коха” на ден 12. 05. 2021 година, Наставно-научниот совет на Ветеринарен факултет при Универзитетот Св. "Климент Охридски" Битола на седницата оддржана на ден 21.05.2021 година, донесе Одлука (бр. 02-133/3 од 21.05.2021 год.) за формирање на Рецензиона комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања од научните области **50603 – Бизнис менаџмент** и **50624 – Друго**, во следниот состав:

1. **Д-р. Гоце Менкиноски**, редовен професор на Економски факултет, Универзитет Климент Охридски Битола - претседател
2. **Д-р. Милија Зечевиќ**, редовен професор на Факултет за Европски бизнис и маркетинг, Европски Универзитет Белград - член
3. **Д-р. Снежана Обедниковска**, вонреден професор на Економски факултет, Универзитет Климент Охридски Битола - член

По предлог на доставената документација го поднесуваме следниот

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс во дневните весници "Нова Македонија и “Коха" од 12. 05. 2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања од научните области **50603 – Бизнис менаџмент** и **50624 – Друго** се јави еден кандидат и тоа:

1. Наташа Петровска, Доктор на науки по Менаџмент и бизнис.
2.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

*1. Кандидатот Наташа Петровска, Доктор на науки по Менаџмент и бизнис*, родена на 27.02.1985 година во Битола, со место на живеење на ул. Илчо Стојановски бр. 36, Битола

- Факултетот го заврши во 2008 година, на Педагошки факултет на Универзитет "Св. Климент Оридски" – Битола, со соодветен просек од 8,25.
- Последипломските студии ги заврши во 2011 година, на Економскиот факултет на "Европски Универзитет" – Скопје, со што се стекнува со звањето **Магистер по економски науки во областа маркетинг**, со соодветен просек од 8,5.
- Докторските студии ги заврши во 2021 година на Европски Универзитет, Факултет за европски бизнис и маркетинг – Белград, Р.Србија со успешна одбрана на докторска дисертација со наслов ***"Европски бизнис и маркетинг и културна разновидност во Македонија, Србија и Грција со посебен осврт на прехрамбената индустрија"***, со што се стекнува со звањето **Доктор на науки по Менаџмент и бизнис.**
- Одлично познавање на англискиот јазик и добро познавање на италијанскиот и германскиот јазик. Познавање на работа со компјутери (Microsoft Office, Internet);
- Во периодот до магистрирањето и после магистрирањето е ангажирана на работа на сопствени проектни задачи под наслов: "Интернет и маркетинг истражување на меѓународните пазари во 21-ви век" и "Развивање на стратегија за претставување на одреден производ на пазарот". Проектите се работени под менторство на Проф. д-р Алекса Стаменковски од "Европскиот Универзитет" Скопје.
- Работно искуство: реализирана практична настава, од три години во областа на финансиите и сметководство, за кое има доставено соодветна документација, од јуни 2012 година вработена на Ветеринарниот факултет во Битола како помлад асистент и од јуни 2015 година вработена на Ветеринарниот факултет во Битола како асистент во научната област **Економика во ветеринарство**.
- Научно-истражувачка дејност: Има објавено трудови во својство на автор и коавтор.

Рецензирани трудови во предходен избор:

1. **Petrovska N.**, Petrovska B., Zdraveski I. (2013), *Researching the company's competitiveness in the purchase of milk in the Bitola region,* Bulgarian Journal of Veterinary Medicine, (2013), 16, Suppl. 1, 220-227, Stara Zagora, Bulgaria
2. Петровска Б., **Петровска Н.**, (2013) *Разликата помеѓу домашното и меѓународното истражување на компаниската конкурентност*, II Меѓународна научна конференција – Современите менаџерски предизвици и

организациските науки, БАС Институт за менаџмент, стр. 742-748, Bitola, R. Macedonia. УДК: 005.332.4:339.3/.5

3. Петровска Б., **Петровска Н**.,, Трајаноска Б., Бунтевска Е., (2013), *Нови предизвици на маркетингот во ветеринарните амбуланти,* Меѓународна научна конференција – Современите менаџерски предизвици и организациските науки, БАС Институт за менаџмент, стр. 629-634, Bitola, R. Macedonia. УДК: 005.332.4:339.3/.5
4. Petrovska B., Gacovski, Z, Cilev G., **Petrovska N**., Zdraveski, I. (2014) *The trend of increase or decrease in sheep breeding in separate regions of R. Macedonia,* Agro-knowledge Journal, Vol.15, No. 2, 207-216, University of Banja Luka, Banja Luka, R. Srpska
5. Petrovska B., Gacovski Z, **Petrovska N**., Zdraveski I., Cilev G., Dimeski Z., Fejzulah F. (2014) *Manner of keeping and welfare of cows and heifers* , International Conference-20 years of Faculty of Veterinary Medicine-Sofia. Proceedings pp. 42, 2014, University of Foresty, Faculty of Veterinare Medicine, Yundola, R. Bulgaria
6. Petrovska B., **Petrovska N**., Gacovski, Z, Cilev G., Zdraveski, I., Ristevski, M., (2015) *Analysis of the views of citizens in relation to animal poisoning.* Agro-knowledge Journal, Vol.16, No. 3, 399-406, University of Banja Luka, Banja Luka, R. Srpska

После последниот избор продолжува со научно-истражувачка работа и има објавено трудови во својство на автор и коавтор и тоа:

7. Petrovska B., **Petrovska N**., Gacovski, Z, Cilev G., Pacinovski N., Zdraveski, I., Dimeski Z., (2017) *Offer and demand of goat´s milk products in Pelagonia region R. Macedonia,* Tradition and modernity in veterinary medicine, vol.2, 53-59, University of Forestry, Faculty of Veterinary medicine, Sofia, R. Bulgaria, ISSN 2534-9333, e-ISSN 2534-9341
8. Galovska B., Petrovska B., **Petrovska N**., (2018) *Information for management personal about terms coaching and neuro-lingvistic programming,* Macedonian international journal of marketing, vol. 4, No. 8, 127-134, Macedonian Marketing Association "Marketing"- Skopje, ISSN-005.95-057.17:151.92
9. **Petrovska N**., Petrovska B., (2018) *Market competition of milk and dairy products industry in community Bitola on concern of consumers,* Macedonian international journal of marketing, vol. 4, No. 8, 135-140, Macedonian Marketing Association "Marketing"- Skopje, ISSN-339.137.2; 637.1
10. B. Petrovska, **N. Petrovska**, Zh. Gacovski, G. Cilev, K. Uzunova, N. Pacinovski, J. Colakovic (2018) *HOUSING AND WELFARE OF HIGH PRODUCTION DAIRY COWS IN INTENSIVE BREEDING CONDITIONS,* International scientific on-line Journal SCIENCE-TEHNOLOGIES, vol. VIII, No.5, Veterinary medicine & Animal science, 58-63 Publisher Union of Scientists of Stara Zagora, R. Bulgaria, IF=0.50

11. Z. Gacovski, B. Petrovska, G. Cilev, , F. Fejzulah , **N. Petrovska** (2019) *The fulfillment of genetic potential for egg production of hybrid Lohmann brown chickens on Agripro farm in the municipality of Valandovo in Republic of Macedonia*, Tradition and modernity in veterinary medicine, vol.4, No. 2(7) 66-71, University of Forestry, Faculty of Veterinary medicine, Sofia, R. Bulgaria.
12. **Petrovska N.**, Petrovska B., Obednikovska S.(2019) *Global business and multicultural marketing of multinational companies,* Macedonian international journal of marketing, vol. 5, No. 10, 99-106, Macedonian Marketing Association "Marketing"- Skopje, ISSN-1857-9787, 334.726:339.5 334.726:658.8
13. B. Petrovska, Z. Gacovski, **N. Petrovska**, K. Uzunova, F. Fejzulah, Z. Tekovski (2019) *Profitability farm production of milk from Holstein Friesian breed in the Bitola part of Pelagonia, R. Macedonia*, , International scientific on-line Journal SCIENCE-TEHNOLOGIES, vol. IX, No.4, Veterinary medicine & Animal science, 39-45 Publisher Union of Scientists of Stara Zagora, R. Bulgaria, IF=0.50
14. Petrovska B., **Petrovska N.**, Galovska B. (2020) *The costumers satisfaction with quality of the offered conditions in matical veterinary clinics,* Macedonian international journal of marketing, vol. 6, No. 11, 58-67, Macedonian Marketing Association "Marketing"- Skopje, ISSN-1857-9787
15. Petrovska B., Gacovski Z., **Petrovska N.**, (2021) *VETERINARY MEDICINE IN THE ERA OF DIGITALIZATION,* VI Меѓународна научна конференција – Современите менаџерски предизвици и организациските науки, БАС Институт за менаџмент, Битола, Бизнис Академија Смилевски, Скопје, Универзитет Милтон Фридман, Будимпешта, Унгарија, стр. 188-193, Битола, Р. С. Македонија, ISBN-978-608-4729-10-5

- Учество на меѓународни симпозиуми:
  1. International Scientific Conference "90 years Faculty of Veterinary Medicine in Bulgaria", 2013.
  2. International Scientific Conference, BAS Iinstitute of Management Bitola “Contemporary Management Challenges and the Organizational Sciences”, 2013.
  3. International Scientific Conference "20 years Faculty of Veterinary Medicine at the University of Forestry” - Yundola, Bulgarija, 2014.
  4. International Scientific Conference, Macedonian Marketing Association "Marketing"- Skopje, 2018.

- Работа на проект:
  Interreg – IPA CBC, “Protection of Autochthonous populations of Pelagonia sheep breed in the cross-border area” Acronym “PAPESHE”, Greece and Republic of North Macedonia.

## СТУДЕНТСКА АНКЕТА

## ОЦЕНУВАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ НА АКАДЕМСКИ КАДАР

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Соработникот е соодветно подготвен за квалитетна реализација на наставата | **4,64** |
| 2. | За време на вежбите, соработникот е посветен и предизвикува интерес кај студентите | **4,64** |
| 3. | Соработникот користи современи методи на наставна работа | **4,64** |
| 4. | Соработникот користи современи методи на наставна работа | **4,73** |
| 5. | Соработникот му помага на студентот во реализација на дополнителните активности | **4,73** |
| 6. | Преку добиената помош од страна на соработникот, студентите ги збогатуваат и прошируваат практичните знаења од предметот | **4,73** |
| 7. | Соработникот го реализира предвидениот фонд на часови | **4,73** |
| 8. | Соработникот обезбедува соодветни материјали за учење и литература за исполнување на обврските на студентот | **4,73** |
| 9. | Соработникот применува соодветни технологии во реализација на вежбите и практичната настава | **4,73** |
| 10. | Соработникот реално и објективно го проверува, евидентира и проценува квалитетот на изработките и квалитетот на активностите на студентот | **4,73** |
| | **Однос кон студентите** | |
| 11. | Личната култура и односот на соработникот се на соодветно ниво | **4,82** |
| 12. | Соработникот е отворен и достапен за консултации и соработка со студентите | **4,82** |
| **Вкупна просечна оценка** | | **4,72** |

Се оценува на скала од 1 – 5 (1 најниска оценка)

- Кандидатката Наташа Петровска, ги исполнува критериумите за избор на наставник во сите наставно-научни звања согласно чл.110 и член 173 од Законот за високото образование на РСМ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензионата комисија, разгледувајки ги достигнувањата и ангажирањето на полето на едукацијата и научно истражувачката дејност на кандидатите, кои ги исполнуваат условите, се одлучи да ја предложи за избор наставник во сите наставно-научни звања согласно чл.110 и член 173 од Законот за високото образование на РСМ, кандидатката ***Наташа Петровска, Доктор на науки по Менаџмент и бизнис***, бидејќи кандидатката ***има 9 годишно работно искуство во областа на наставно-научната и истражувачка дејност*** сметаме дека ќе даде поголем придонес во наставно-научната дејност на Ветеринарниот факултет во Битола. Исто така кандидатката има завршено докторски студии на менаџмент и

бизнис на Европски Универзитет, Факултет за европски бизнис и маркетинг – Белград, Р.Србија.

Рецензионата комисија смета дека Наташа Петровска, Доктор на науки по Менаџмент и бизнис, во овој период има значајни постигнувања во реализацијата на едукативната и практичната имплементација на научните сознанија. Во изборниот период таа се занимавала со едукативна работа и имплементирање во праксата на новите научни сознанија. Поради сето досега постигнато на полето на едукативната работа на кандидатката, а во согласност со чл.110 и член 173 од Законот за високото образование на РСМ, Рецензионата комисија со посебно задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Ветеринарниот факултет-Битола, единица во состав на Универзитетот "Св. Климент Охридски" Битола, да ја избере кандидатката Наташа Петровска, на науки по Менаџмент и бизнис, во наставно-научно звање **ДОЦЕНТ** во научните области **50603 – Бизнис менаџмент** и **50624 – Друго.**

Рецензиона комисија

1. Проф. д-р. Гоце Менкиноски, претседател, редовен професор на Економски факултет, Универзитет Климент Охридски Битола

---------------------------------------------------------------

2. Проф. д-р. Милија Зечевиќ, член, редовен професор на Факултет за Европски бизнис и маркетинг, Европски Универзитет Белград

---------------------------------------------------------------

3. Вонр. Проф. д-р. Снежана Обедниковска, член, вонреден професор на Економски факултет, Универзитет Климент Охридски Битола

---------------------------------------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св. Климент Охридски-Битола
Ветеринарен Факултет - Битола
Бр. 08-178/3
29.09 2021 год.
Битола

**ИСПРАВКА НА РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ 50603 – БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ И 50624 - ДРУГО НА ВЕТЕРИНАРЕН ФАКУЛТЕТ - УНИВЕРЗИТЕТ СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ - БИТОЛА**

Во рефератот на рецензионата комисија од 17.06.2021 година објавен во Анекс на Билтен на Универзитетот Св. Климент Охридски, во Битола, бр. 483, направена е теничка грешка и е пропуштена табелата за оценка за посебните услови за избор во наставно-научни звања. Во продолжение истата е наведена:

**ОЦЕНКА ЗА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА**

Покрај тоа што ги исполнува општите услови предвидени со Законот за високо образование, кандидатот д-р Наташа Петровска исто така ги исполнува и посебните услови предвидени со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставнонаучни, наставно-стручни, научни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола. Имено, кандидатот исполнува вкупно 8 услови од наведените во табелата за оценување на исполнетоста на посебните услови (со Правилникот се предвидени најмалку 2 од било кој критериум од Анекс 1).

За исполнетоста на условите, кандидатот има доставено соодветна документација и истите се дадени во Табелата за оценување на исполнетоста на посебните услови за избор во звања.

| **ПРВ КРИТЕРИУМ**<br>**Резултати од научно-истражувачка работа** | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | **X** |
| Кандидатот е цитиран најмалку во еден труд (за избор во доцент, предвач или виш предавач), два трудови (за избор во вонреден професор или професор на висока стручна школа), односно три трудови (за избор во редовен професор) од автори чиишто трудови се објавени во референтна научна публикација. Цитираноста на трудовите се потврдува преку писмен доказ со достава на трудовите каде што е цитиран кандидатот или преу web пребарувач за цитираност (профил на кандидатот на Google Scholar или сличен на него). Од вкупно објавените трудови во последните пет години, има објавено труд во списание или публикација индексирани во некоја од следниве бази: EBSCO, Emerald, Scopus, Thomson Reuters, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank (објавените трудови треба да се нотирани на универзитетскиот репозиториум http://eprints.uklo.edu.mk/)[1] | X |
| Има објавено најмалку три дополнителни труда во референтни научни публикации од предвидениот број со општитите услови за избор во соодветното звање | |
| Акредитиран е за ментор на трет циклус студии (без разлика дали во последните 5 години) | |
| Раководел или учествувал во научно-истражувачки проект или раководи или учествува во научно-истражувачки проект кој е во тек | X |
| Одржал пленарно или почесно предавање на меѓународен собир или бил модератор на сесија на научна конференција | |
| Бил или е член во уредувачки (организациски) или научен (програмски) одбор на меѓународна научна конференција или меѓународно научно списание | |
| Бил рецензент на најмалку еден научно-истражувачки или стручен труд | |
| Бил рецензент на најмалку еден универзитетски учебник, учебно помагало, монографија, практикум, збирка задачи и сл. | |
| Бил рецензент на предлог проекти и/или периодични и конечни извештаи од одобрени проекти | |
| Бил рецензент на предлози за државни и меѓународни награди за научни остварувања | |
| Член е во институции домашни или Странски Научни здруженија, друштва, асоцијации или | |

| | |
|---|---|
| институции | |
| Реализирал или е во тек на реализација на постдокторски студии во странство | |
| Добил државна или меѓународна награда за научни постигнувања од пошироката научна област со која професионално се занимава | |
| Има објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира (како автор или во коавторство)2 | |
| *вкупно исполнети услови од прв критериум* | 2 |
| **ВТОР КРИТЕРИУМ**<br>**Резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научноистражувачки подмладок** | |
| УСЛОВИ | X |
| Бил или е ангажиран како наставник на друга единица на Универзитетот или на друга високообразовна установа од земјата или странство | |
| Учествувал во комисија за избор на други наставници и/или соработници | |
| Учествувал или учествува во реализација на наставата на втор или трет циклус студии | |
| Реализирал меѓународна мобилност на странски универзитет односно странска високообразовна установа по различни основи | |
| Учествува или учествувал во студиска програма чијашто настава се изведува на англиски наставен јазик или понудил предмет на англиски јазик како прозорец на мобилност | |
| Реализирал предавање на странска високообразовна установа (гостувачко, стручно, почесно и сл.) | |
| Подготвил дигитални ресурси (презентации, вежби, прашања, квизови и сл.) за студентите за најмалку еден предмет и истите ги поставил на online платформа за далечинско учење (Moodle и сл.) или на web страната на единицата или Универзитетот | |
| Бил член во Комисија за оценка или одбрана на магистерски, специјалистички или докторски труд | |
| Бил ментор или член на комисија за одбрана на дипломски труд | |
| Предавал или предава нов наставен предмет кој за прв пат се воведува во студиска програма | |
| Учествувал или учествува во изработка на елаборат за акредитација на студиска прграма на прв, втор или трет циклус студии | X |
| Има стекнато искуство во високо-образовна дејност како: ректор; проректор; декан/директор; продекан/заменик директор; раководител на внатрешна организациона единица/лабораторија; член на универзитетски сенат; член на факултетска или универзитетска комисија; раководител на ЕКТС на Универзитет/единица; член на Совет на докторскин студии на Универзитет/Единица; член во Комисија за самоевалуација; член на Интеруниверзитетска комисија; член во Одбор за акредитација и евалуација | |
| Има позитивна оценка од најмалку 3,5 од спроведените самоевалуации во последните 5 години | X |
| *вкупно исполнети услови од втор критериум* | 2 |
| **ТРЕТ КРИТЕРИУМ**<br>**Стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност** | |
| УСЛОВИ | X |
| Учествувал или учествува во работна група/тело за изработка на студија, ревизија, елаборат, идеен проект, стручна анализа, вештачење, архитектонско решение, стратегија, правилник, статут, закон и сл. | |
| Посетувал обуки, семинари, тркалезни маси, курсеви, форуми, работилници и сл. од стручен или професионален карактер организирани од меѓународни или домашни институции | X |
| Поседува сертификат или потврда за стручно или професионално усовршување издаден од релевантна институција | |
| Ангажиран е или бил ангажиран како експерт од страна на меѓународна или домашна стручна организација, институција или асоцијација | |

| | |
|---|---|
| (Ко)автор е на книга/монографија од стручна област/речник/енциклопедија | |
| Учествувал во реализација на обука/семинар/курс/работилница/летна школа за потребите на стопанските и нестопанските дејности | |
| Бил или е член на национална или меѓународна жири комисија од полето во кое се избира | |
| Реализирал превод на книга или дел од книга | |
| Учествувал во проектирање, развој или имплементација на софтверски или ИКТ решенија | |
| Учествувал во реализација на проектни активности во проекти финансирани од ЕУ или други домашни или странски фондови | X |
| Учествувал во промотивни активности на факултетот | X |
| Бил уредник на речник или енциклопедија | |
| Регистрирал сопственост патенти/иновации прифатени од Државниот завод за индустриска сопственост | |
| Рецензирал учебник за основно или средно образование од потесната или поширока област за која се врши изборот | |
| Има објавено стручна/професионална статија во домашни или странски публикации (списание, весник, зборник на трудови и сл.) | X |
| Лекторирал трудови на странски/ македонски јазик | |
| Учествува(л) во лабораториски и теренски истражувања или мерење наменети за стопанството | |
| *вкупно исполнети услови од трет критериум* | 4 |
| **ВКУПНО ИСПОЛНЕТИ УСЛОВИ ОД СИТЕ ТРИ КРИТЕРИУМИ** | **8** |

Оваа исправка има правно дејство од денот од кој има правно дејство актот на кој се врши исправката.

Исправката ќе биде составен дел на Рефератот од 17.06.2021 година и ќе биде објавена во Билтенот на Универзитетот.

После објавувањето на исправката во Билтенот на Универзитетот ќе се запиши во оригиналот на Рефератот предходно објавен и ако е можно во сите заверени преписи доколку такви постојат.

Извршила исправка
Рецензиона комисија

1. Проф. д-р. Гоце Менкиноски, претседател
2. Проф. д-р. Милија Зечевиќ, член
3. Вонр. Проф. д-р. Снежана Обедниковска, член